**20250310730**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 25 став (2) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), министерот за образование и наука донесе

## ПРОГРАМА ЗА ОБУКИ ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА 2025 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се пропишуваат обуките за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2025 година.

Член 2

Обуките за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2025 година, се од следните подрачја, потподрачја и теми за обука:

I. ЗА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

1. ПОДРАЧЈЕ: Знаења за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем
Потподрачје: Знаења за воспитно-образовниот систем
Теми:
- Учење на далечина: интернет-апликации и платформи за учење,
- Воспитание во современ контекст: развивање социо-емоционални вештини кај учениците,
- Мултикултурализам во еднојазични и повеќејазични училишта и
- Самоевалуација на квалитетот на образовниот процес на ниво на училиште.

2. ПОДРАЧЈЕ: Поучување и учење
Потподрачје: Планирање и подготовка на наставата
Тема:
- Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/попреченост.
Потподрачје: Реализација на наставата
Теми:
- Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата,
- Настава базирана на проблемски пристап,
- Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми,
- Настава за развивање критичко мислење кај учениците,
- Настава насочена кон постигнување резултати од учење од повисоко ниво,
- Математичка писменост – читање, интерпретирање и решавање на даден проблем со организирање и толкување на информации и избирање метод за решавање,
- Писменост во природните науки – препознавање на научни прашања, користење научни знаења, идентификување на содржината во научните истражувања и поврзување на научните податоци со докази и заклучоци,

- Подобрување на писменоста и развивање интерес за читање со разбирање кај учениците преку методи за развој на писменоста од рана возраст, техники за читање со разбирање и методи за следење и евалуација на напредокот во читањето, со цел учениците да научат да размислуваат критички (приоритетна програма) и
- Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава (приоритетна програма).

Потподрачје: Оценување на учениците
Теми:
- Дизајнирање објективни тестови на знаење,
- Изработка и соодветно користење на различни инструменти за оценување, како и давање конструктивна повратна информација за постигањата на учениците и
- Примена на дигитална технологија во оценувањето на учениците.

Потподрачје: Познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби
Теми:
- Професионален развој и кариерно советување на учениците (менторирање, следење, пристапи за детекција на афинитети и интереси, мотивација и развој и сл.),
- Специфични когнитивни потешкотии во учењето,
- Познавање на Знаковниот јазик за I, II, III и IV ниво и
- Зелени навики: знаење, вештини и ставови за размислување, планирање и дејствување со емпатија, одговорност и грижа за нашата планета (приоритетна програма).

3. ПОДРАЧЈЕ: Создавање стимулативна средина за учење
Потподрачје: Создавање безбедна и стимулативна средина за учење
Теми:
- Справување со врсничкото насилство и кибернасилство,
- Разрешување конфликти со ученици и меѓу учениците,
- Развој на етички принципи и вредности – унапредување на социјалната одговорност помеѓу учениците,
- Поддршка и унапредување на менталното здравје на учениците и
- Специфики во психо-социјалните развојни периоди на учениците, препознавање на ризични однесувања, постапување и развој на психолошка отпорност кај учениците.

Потподрачје: Создавање позитивна училишна клима
Тема:
- Стратегии за менаџмент во училница - принципи и примери на добра практика за создавање позитивна работна атмосфера во училница и во онлајн/виртуелна училница.
4. ПОДРАЧЈЕ: Социјална и образовна инклузија
Потподрачје: Социјална и образовна инклузија
Тема:
- Стратегии, методи и техники за работа со надарени ученици.
5. ПОДРАЧЈЕ: Професионален развој и професионална соработка
Потподрачје: Професионална соработка
Тема:
- Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство и сл.).

## II. ЗА СРЕДНИ УЧИЛИШТА

1. ПОДРАЧЈЕ: Поучување и учење

Потподрачје: Реализација на наставата

Теми:

- Педагошки пристапи кои ги поттикнуваат учениците и ги развиваат нивните клучни компетенции,
- Практики кои вклучуваат когнитивно поттикнување на учениците, како што се критичко размислување, решавање проблеми и евалуација на информации,
- Креативно и иновативно размислување - техники за поттикнување на креативноста, иновативни пристапи во наставата и развивање способност за иновации кај учениците,
- Искуствено учење: како секој предмет да стане привлечен и интересен за новата генерација, предизвици за работа со ученици од новата генерација,
- Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава (приоритетна програма) и
- Поттикнување одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици (приоритетна програма).

Потподрачје: Познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби

Теми:

- Професионален развој и кариерно советување на учениците (менторирање, следење, пристапи за детекција на афинитети и интереси, мотивација и развој и слично) и
- Познавање на Знаковниот јазик за I, II, III и IV ниво.

2. ПОДРАЧЈЕ: Создавање стимулативна средина за учење

Потподрачје: Создавање безбедна и стимулативна средина за учење

Теми:

- Специфики во психо-социјалните развојни периоди на учениците, препознавање на ризични однесувања, постапување и развој на психолошка отпорност кај учениците и
- Мотивацијата како фактор за успех во воспитно-образовниот процес со елементи на емоционалната интелигенција (емпатија, активно слушање и слично).

Член 3

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-2732/1
10 февруари 2025 година
Скопје

Министерка за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.